До: Општина Пробиштип

**БАРАЊЕ**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Од:

Застапник / полномошник на барателот на информацијата:

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

**Имплементација на одредбите од Законот за младинско учество и младински политики на локално ниво**

**I ЛОКАЛЕН МЛАДИНСКИ СОВЕТ**

1.1 Дали е формиран Локален младински совет во општината? Доколку да, колку членови брои советот? Доколку да, споделете ја одлуката за формирањето.

1.2 Дали има(ло) повик за членови? Во прилог споделете го повикот и линк до објавата на повикот.

1.3 Доколку е формиран локален младински совет, наведете листа од членовите и наведете од каква форма на младинско организирање доаѓаат членовите на советот? (младински организации, организации за млади, студентски организации, политички подмладок итн.)

**II ЛОКАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА МЛАДИ**

2.1 Дали се спроведени консултации за Локална стратегија за млади?

2.2 Дали е усвоена стратегијата за млади? Доколку да, споделете ја стратегијата во прилог.

2.3 Дали се направени акциски планови за неа? Доколку да, споделете го акцискиот план.

2.4 Доколку не е усвоена, дали и кога се планира да започне процесот?

**III КАНЦЕЛАРИЈА ЗА МЛАДИ**

3.1 Дали е формирана канцеларија за млади во рамки на Општината? Доколку да, споделете одлука за нејзино формирање во прилог.

**IV МЛАДИНСКИ ЦЕНТАР**

4.1 Дали е формиран младински центар во општината? Доколку да, споделете одлука за неговото формирање во прилог.

4.2 Доколку е формиран младински центар, дали се креирани програми? Доколку да, споделете ја програмата на младинскиот центар.

4.3 Доколку е формиран младински центар, дали истиот го води организација? Доколку да, неведете ја организацијата?

**V СЛУЖБЕНИК ЗА МЛАДИ**

5.1 Дали е назначен службеник за млади во општината? Доколку да, споделете ја одлуката за неговото именување.

5.2 Доколку општината има назначен службеник, наведете негови контакт-информации.

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронски запис**
- д) друго ______________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил – info@nms.org.mk**
- д) друго ______________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Во Скопје, 16.01.2026 година**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Бр. 24-119/2
03.02 2026 год.
ПРОБИШТИП

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот поднесено на ден **20.01.2026 година**, имателот на информацијата **Општина Пробиштип** го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

Барањето од , наш бр. 24-119/1 од 20.01.2026 година, по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер:

СЕ УВАЖУВА

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на Барањето информација од јавен карактер доставено од **барателот** имателот на информацијата **Општина Пробиштип**

Ви ја доставува информацијата:

**Имплементација на одредбите од Законот за младинско учество и младински политики на локално ниво**

### I ЛОКАЛЕН МЛАДИНСКИ СОВЕТ

1.1 Дали е формиран Локален младински совет во општината? Доколку да, колку членови брои советот? Доколку да, споделете ја одлуката за формирањето.

Во 2025 година е формиран Локален младински совет, кој брои 5 члена.

https://probistip.gov.mk/wp-content/uploads/2023/10/ODLUKA-lokalno-sobranie-na-mladi.pdf

1.2 Дали има(ло) повик за членови? Во прилог споделете го повикот и линк до објавата на повикот.

Локално собрание на млади го формираше Иницијативниот одбор кој ја спроведе постапката за избор на членови на Локален совет на млади.

https://probistip.gov.mk/wp-content/uploads/2025/04/Javen-povik-za-Lokalen-mladinski-sovet.pdf

1.3 Доколку е формиран локален младински совет, наведете листа од членовите и наведете од каква форма на младинско организирање доаѓаат членовите на советот? (младински организации, организации на млади, студентски организации, политички подмладок итн.)

1. Василија Василева (Здружение на граѓани ГРИТ Пробиштип)

2. Јована Миланова (СОУ" Наум Наумовски-Борче" Пробиштип)

3. Ангела Георгиевска (Црвен Крст Пробиштип)

4. Мартин Ангеловски (Социјалдемократска младина на Македонија Локален клуб Пробиштип)

5. Дамјан Ѓоргиевски (член)

## II ЛОКАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА МЛАДИ

2.1 Дали се спроведени консултации за Локална стратегија за млади?

Локалниот младински совет при општина Пробиштип во соработка со Општината спроведе консултации за Локална стратегија за млади, а воедно беше презентиран Предлог планот за активности на Локален младински совет на Општина Пробиштип за 2026 година.

2.2 Дали е усвоена стратегијата за млади? Доколку да, споделете ја стратегијата во прилог.

На 53-та седница на Совет на Општина Пробишти на 28.07.2025 година е донесена, а во Службен гласник бр.7/2025 година е објавена Одлуката за усвојување на Локална стратегија за млади за Општина Пробиштип за 2025-2030 година, бр.26-780/3

http://probistip.gov.mk/wp-content/uploads/2025/08/SLUZHBEN-GLASNIK-7-2025.pdf

2.3 Дали се направени акциски планови за неа? Доколку да, споделете го акцискиот план.

Во Предлог планот за активности на Локалниот младински совет за 2026 година, е предвидена изработка на акциски план согласно Локалната стратегија за млади 2025-2030.

Следни активности кои што се предвидени се изработка на детален акциски план за спроведување на стратегијата. Процесот треба да опфати интерни седници, консултација со младински групи, општинска администрација и НВО. Финалниот документ ќе се достави до Општината за да послужи како основа за мониторинг на работењето.

2.4 Доколку не е усвоена, дали и кога се планира да започне процесот?

Локалниот младински совет иницира процес на креирање годишен акциски план кои ќе ги трансформира стратешките цели во конкретни активности.

## III КАНЦЕЛАРИЈА ЗА МЛАДИ

3.1 Дали е̋ формирана канцеларија за млади во рамки на Општината? Доколку да, споделете одлука за формирање во прилог.

Општина Пробиштип нема канцеларија за млади, но има основано Младински центар во склоп на просториите на Дом на култура „Злетовски рудар" Пробиштип.

## IV МЛАДИНСКИ ЦЕНТАР

4.1 Дали е формиран младински центар во општината? Доколку да, споделете одлука за неговото формирање во прилог.

Општина Пробиштип по објавување на Јавен повик на младинска организација или организација за млади која раководи со Младинскиот центар во Пробиштип склучи договор за управување со Младинскиот центар во Пробиштип со Младинската организација ГРИТ, на 01.01.2023, во времетраење од 3 години.

Во тек е спроведување на Јавен повик за избор на организација која ќе раководи со центарот во следните неколку години. Договорот со досегашната организација ГРИТ која раководеше 3 години со центарот, заврши на 01.01.2026 година.

Секоја година во Програмата за Локален економски развој, Општината предвидува средства во Програмата за ЛЕР, за поддршка и функционирање на Младинскиот центар.

Во прилог Решение од избор на младинска организација која раководеше со Младинскиот центар од самиот почеток.

Одлука за формирање на младинскиот центар. Линк од Службен гласник бр.11/2022, страна 4 (14.10.2022). Точка 3, бр.26-968/5.

https://probistip.gov.mk/wp-content/uploads/2022/12/SLUZHBEN-GLASNIK-11-2022.pdf

4.2 Доколку е формиран младински центар, дали се креирани програми? Доколку да, споделете ја програмата на младински центар.

Во тек е избор на организација која ќе раководи со Младинскиот центар, а со апликацијата ќе доставуваат и Предлог годишни програми за работа на центарот.

Младинскиот центар, воден од Младинската организација ГРИТ доставува до Совет на Општина Пробиштип програма за работа, секоја година.

4.3 Доколку е формиран младински центар, дали истиот го води организација? Доколку да, наведете ја организацијата.

Општина Пробиштип има формирано Младински центар. Подолу линк од одлуката за формирање и избор на младинска организација ГРИТ, која раководеше со центарот од 01.01.2023 до 01.01.2026 година.

Одлука за формирање на младинскиот центар. Линк од Службен гласник бр.11/2022, страна 4 (14.10.2022). Точка 3, бр.26-968/5.

https://probistip.gov.mk/wp-content/uploads/2022/12/SLUZHBEN-GLASNIK-11-2022.pdf

Линк од објава на Јавен повик за избор на младинска организација која раководеше со Младинскиот центар во изминатите три години. Службен гласник бр.10/2022

https://probistip.gov.mk/novosti/javen-povik-za-izbor-na-mladinska-organizatsija-ili-organizatsija-za-mladi-koja-ke-rakovodi-so-mladinskiot-tsentar-vo-probishtip/

## V СЛУЖБЕНИК ЗА МЛАДИ

5.1 Дали е назначен службеник за млади во општината? Доколку да, споделете ја одлуката за неговото именување.

Општина Пробиштип има назначено Службеник за млади. Во прилог Решение за назначување со арх.бр.08-1066/1 од 25.11.2025 година.

5.2 Доколку општината има назначен службеник, наведете негови контакт-информации.

Општината има назначено службеник за млади. Име и презиме на службеникот - Дијана Моневска, email: dijana@probistip@gov.mk,

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

**Решено во Општина Пробиштип на ден 03.02.2026 година, под бр. 24-119/2**

По овластување на Градоначалникот на Општина Пробиштип

Службено лице за посредување со информации од јавен карактер

**Изготвил:** Дијана Моневска________________________

**Контролирал:** Марија Митева________________________

**Одобрил:** Јованка Данева ________________________

**Градоначалник на Општина Пробиштип**

Тони Тоневски

ПРОПРАТНО ПИСМО ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА ОДГОВОР ПО БАРАЊЕ

Датум: 03.02.2026 година

До:

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Бр. 24-119/3
03.02 2026 год.
ПРОБИШТИП

ПРЕДМЕТ: Доставување на одговор по Барање информација согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер до имателот на информации Општина Пробиштип

ВРСКА: 24-119/1 од 20.01.2026 година

Почитувани,

Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на РСМ бр. 101/2019) во прилог ви се доставува Решение по бараната информација.

Со почит,

Дијана Моневска, службено лице

08-990/7
22.12.22

Врз основа на член 63 а во врска со член 50 став 1 точка 16 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002) Градоначалникот на општина Пробиштип, врз основа на даденото Мислење од комисијата за разгледување и евалуација на пријави од младински организации или организации за млади по Јавен повик за раководење со Младински центар во Пробиштип бр. 08-990/1 од 20.10.2022 и Записникот од одржаната седница на Комисијата бр.08-990/4 од 21.11.2022, го донесе следното:

**Решение**

**За избор на младинска организација која ќе раководи со Младинскиот центар во Пробиштип**

1. За младинска организација која ќе раководи со Младинскиот центар во Пробиштип во период од 3 (три) години се избира:
    - Младинска организација Здружение на граѓани ГРИТ од Пробиштип Ул„Нада Михајлова" бр.34 Пробиштип.
2. Градоначалникот на општина Пробиштип, со избраната младинска организација во рок од 3 дена по правосилноста на Решението ќе склучи Договор со кој ќе бидат утврдени правата и обврските на двете договорени страни за начинот и раководење и управување со Младински центар Пробиштип.
3. Решението влегува на сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 01.01.2023 година.

Образложение

Градоначалникот на општина Пробиштип, согласно Одлуката за објавување Јавен повик за избор на младинска организација или организација за млади која ќе раководи со Младинскиот центар во Пробиштип („Службен гласник на општина Пробиштип бр.11/2022) и Правилникот за условите, начинот и постапката за избор на младинска организација или организација за млади која ќе раководи со Младинскиот центар во Пробиштип(„Службен гласник на општина Пробиштип бр. 10/2022), распиша Јавен повик за избор на младинска организација или организација за млади која ќе раководи со Младинскиот центар во Пробиштип.

Посебно формирана Комисија за разгледување и евалуација на поднесените пријави во утврдениот рок до Градоначалникот на општина Пробиштип достави Мислење бр.08-990/5 од 22.11.2022 со предлог за избор на организација која ги исполнува предвидение услови по јавен повик.

Врз основа на напред наведеното се донесе Решение како во диспозитивот.

Изготвил: Драгана Јовчевска

Одобрил, Јованка Данева

Општина Пробиштип

Градоначалник

Драган Анастасов

08-1066/1
25.11.2025 год.


ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ул.Јаким Стојковски бр 1
Тел: 032 48 31 31; факс: 032 48 30 47
www.probistip.gov.mk
е-пошта: info@probistip.


Врз основа на член 50 став 1 точка 14 од Законот за локалната самоуправа (Слубен Весник на РМ бр.5/2002 и член 202/2024) и член 2 од Законот за младинско учество и младински полиики (Службен Весник на РСМ бр.10/20), Градоначалникот на општина Пробиштип го издава следното:

РЕШЕНИЕ

За назначување на службеник за млади во Општина Пробиштип

1. Дијана Моневска вработена во општина Пробиштип се назначува како службеник за млади во Општина Пробиштип, одговорен за работењето на Канцеларијата за млади за координирање, спроведување и следење на прашања од интерес на младите во делокругот на надлежностите на Општина Пробиштип.
2. Службеникот за млади изготвува годишни извештаи за работата на Општина Пробиштип во делокругот на млади кои ги поднесуваат до Агенцијата за млади и спорт и ги објавуваат на веб страницата на Општина Пробиштип.
3. Службеникот за млади ги извршува следните работни задачи и обврски:
   - развивање, планирање и следење на активностите поврзани со младите и младинските политики,
   - поддршка на работата на локалниот младински совет, неговите членови, спроведувањето на неговата програма, известување и транспарентност,
   - одржување на комуникација и редовна соработка со младинските форми на здружување и младите,
   - следење на потребите на младите преку обезбедување истражувања за потребите на општината, консултации со млади и следење и информирање за анализи и истражувања за трендовите кај младите,
   - обезбедување информации и информирање на младите,
   - водење на база на податоци за разни младински активности, активни форми на младинско здружување и неформални младински групи за потребите на Истражувачкиот центар на Агенцијата за млади и спорт,
   - редовна комуникација со Агенција за млади и спорт,
   - да биде контакт за сите младински прашања на локалната самоуправа кон младите и јавноста,
   - службеникот за млади е одговорен за работата на Канцеларијата за млади.
4. Решението стапува во сила со донесувањето.

Образложение

Административниот службеник Дијана Моневска вработена на работно место помлад соработник за логистичка и техничка поддршка на градоначалникот се овластува да работи како службеник за млади согласно Законот за младинско учество и младински